Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

# ПОЧЕТЕН СОСТАНОК ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „Е-ФАКТУРА“

На 1 јули 2025 година се одржа почетниот состанок помеѓу претставници на Управата за јавни приходи (УЈП), предводени од директорката м-р Елена Петрова, и избраниот изведувач за проектот е-Фактура. Со овој состанок официјално започнаа активностите за реализација на проектот, кој претставува значаен чекор кон дигиталната трансформација на бизнис-секторот во Република Северна Македонија.

Системот за е-Фактура има за цел целосна дигитализација и автоматизација на процесите на фактурирање за безготовински трансакции. Преку неговата примена, националната трговија ќе премине на безхартиено работење, што ќе овозможи заштеда на ресурси, забрзување на деловните процеси и подобрување на оперативната ефикасност на компаниите. Дополнително, со интеграцијата на технолошките решенија со даночните механизми, е-Фактурата ќе даде силен придонес во борбата против сивата економија.

УЈП ја потенцира својата стратешка определба за развивање на однос базиран на доверба и отворена комуникација со даночните обврзници. Во таа насока, се охрабруваат сите засегнати страни – бизнис-заедницата, претставниците на стопанството и други заинтересирани учесници – да се вклучат во проектот преку учество во консултативни фокус групи. Целта е заедничка соработка и размена на идеи и предлози, со цел успешна имплементација на решението.

УЈП ќе продолжи со редовно и етапно информирање на јавноста за сите фази од имплементацијата, со цел навремена подготовка и усогласување на процесите, како и тестирање на софтверските решенија од страна на засегнатите субјекти.


Твој данок, твоја иднина!